Проектот е финансиран
од Европската Унија

МАКЕДОНСКИ ЦЕНТАР ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

# ОПИС НА НАДЛЕЖНОСТИ

за

подготовка на документ за политики за влијанието на етничките и верските идентитети/заедници во насока на почитување на принципите на еднаквост и недискриминација

## 1. Позадина

Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) во 2022 година почна да го спроведува проектот „Комисијата за антидискриминација ја извршува својата превентивна и заштитна улога", финансиран од Европската Унија.

Главната цел на проектот е да допринесе кон зајакнување на институционалниот одговор за борба против дискриминацијата и неправедниот третман кон маргинализираните групи и граѓани. Во проектот, борбата против дискриминацијата ја согледуваме од два аспекта: прво, преку добро поставени и подготвени институции за брз одговор кон распространетата дискриминација, и второ, преку зголемена граѓанска свест (граѓани, граѓански здруженија, медиуми, итн.) за еднаквост и недискриминација. Овие два аспекта се тесно поврзани и испреплетени – зајакнувањето на институциите ќе ја зголеми довербата на граѓаните и охрабри да го кренат својот глас пред неправдите и обратно, притисокот кој доаѓа од страна на граѓаните ќе влијае да имаме институции кои постојано ќе се подобруваат и соодветно ќе реагираат.

Оттаму, специфична цел на овој проект е да се поддржи и зајакне улогата на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (КСЗД) во почитувањето на правата на граѓаните кои се третирани нееднакво.

За да се исполнат овие цели, земајќи ги предвид потребите на целната група, се дефинираат три резултати:

1. Институционално зајакнување на Комисијата за унапредување на принципите на еднаквост, толеранција и недискриминација;
2. Зајакнати капацитети (комесарите и стручната служба);
3. Зголемена свесност и доверба на општата јавност во механизмите за антидискриминација преку директна поддршка на локални ГО.

Една од најраспространетите основи за дискриминација во Македонија е дискриминацијата врз основа на политичка и етничка припадност. Резултатите од претходни истражувања покажуваат дека постои евидентен надолен тренд на оценката за тоа дали се вложуваат доволно напори за борба против дискриминацијата, имено, испитаниците кои биле дискриминирани или кои почесто биле сведоци на дискриминација, одговараат дека нема доволно напори направени од државата во борбата против дискриминација. Со оглед на тоа дека македонското општество е поделено во однос на етнички и религиски линии и дискриминацијата и нетолеранцијата врз основа на овие идентитети се уште е широко распространета, ќе се обидеме да отвориме дискусија за опсегот на политики кои можат да го трансформираат магичниот круг на поделба и да донесат позитивни решенија.

Реализацијата на овој проект, во делот на подготовка на документот за политики сака да ја опфати и потребата од ефективно следење и проценка за тоа како политиките, програмите или иницијативите придонесуваат за потолерантни и покохезивни односи меѓу различните групи во земјата.

## 2. Цел на задачата

Документот за политики има за цел да ја опише сферата на влијание на етничките и верските идентитети/заедници кон промовирање и поддржување на принципите на еднаквост и недискриминација во различни специфични области и теми (со домашен и со опција за меѓународен преглед).

Поконкретно, документот за политики може да ги постави и/или поврзе следните прашања:

- во која мера и како воспоставените стратегии и документи за недискриминација, еднаквост и толеранција во Македонија ги обработуваат прашањата поврзани со етничките и верските поделби (пропишани мерки, недостатоци и пречки);
- во која мера и како националните и локалните институции со обврски и интерес за подобрување на борбата со дискриминација и почитување на принципите за еднаквост воспоставуваат заложби, иницијативи и програми за подобрување на состојбите поврзани со етничките и верските поделби (пример за опфат на можни институции: Министерството за труд и социјална политика, Министерството за политички систем и однос меѓу заедниците, Постојана анкетна комисија за заштита на слободите и правата на граѓаните, Народниот правобранител, Комисијата за односи со верските заедници и религиозните групи, Националното координативно тело за недискриминација, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, Локални комисии за еднаквост);
- етничките и верските идентитети (формализирани преку заедниците од кои дејствуваат) како поттикнувачи и промотори на принципите на недискриминација и еднаквост во општеството;
- препораки за воспоставување на политики и мерки на национално ниво кои ќе имаат за цел надминување на етничките и верските поделби кои директно или индиректно придонесуваат кон дискриминација и нетолеранција;
- и други прашања кои ќе бидат од интерес за проблемот кој е опфатен во овој документ.[1]

## 3. Активности што треба да се спроведат

Во соработка со МЦМС, должностите и одговорностите на експертот се следните:

- подготовка на методологија/план за изработка на документот за политики,
- подготовка на документ за политики,
- извештај за завршената работа,
- презентација на документот за политики на јавен настан.

## 4. Испораки/резултати

До крајот на задачата, треба да се испорача документ за политики (минимум 10 страни без предна страна и анекси) на македонски јазик.

## 5. Времетраење и временски распоред на задачата

За подготовка на овој документ за политики предвидени се вкупно 5 работни дена. Работата на оваа задача треба да започне во месец февруари 2023 г. и да заврши во месец март 2023 г.

[1] Конечниот делокруг на работа ќе се утврди со избраниот експерт/ка.

## 6. Вредност на задачата

За реализација на задачата се предвидени 5 експертски дена: 1 ден за подготовка и 4 дена за подготовка на прва драфт верзија.

## 7. Критериуми кои треба да ги исполнува експертот

- Да има завршено високо образование и стекната диплома во соодветната област;
- Да има работено на подготовка на анализи, извештаи и документи за политики во доменот на недискриминација, човекови права, општествен развој и итн.;
- Да има вештини за обработка и анализа на податоци (секундарни извори);
- Да има најмалку 7 години професионално искуство;
- Да има одлично познавање на англиски јазик и Microsoft office апликациите;
- Да поседува развиени комуникациски и презентациски вештини.

Експертот постојано ќе комуницира со координаторот на проектот и ќе ги следи упатствата и забелешките на програмскиот тим.

## 8. Постапка за изразување на интерес

За изразување на интерес потребно е да се поднесат следните документи:

- Професионална биографија;
- Писмо за изразување на интерес, во кое е наведено финансиска понуда изразена во бруто сума по ден во евра;
- Драфт методологија/план за реализација на задачата.

Договор за работа може да се склучи со физичко или правно лице.

Рокот за пријавување и поднесување на документите е до **31 јануари (вторник) 2023 г.** на следната електронска адреса fiv@mcms.mk. Доколку имате прашања во врска со повикот испратете ги на истата електронска адреса.

Бр. 09-38/1-2023
18.01.2023 г.
Скопје